АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# Предвремени парламентарни избори 2020


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 30.07.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3097 | 1 | |


# ИЗВЕШТАЈ
## за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања

во периодот од 24 јуни до 12 јули 2020 година

## ВОВЕД

Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите е подготвен врз основа на обврската од член 76-д став 7 од Изборниот законик, во која е утврдено дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) е должна на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк, до Државната изборна комисија (ДИК) да достави Извештај за платено политичко рекламирање на радиодифузерите.

Извештајот се доставува пред исплатата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање (ППР), од страна на ДИК, со средства обезбедени од Буџетот на државата, исклучиво наменети за финансирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) за објавување платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

Податоците во Извештајот се добиени преку мониторинг на емитуваното платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, направен во согласност со обврската на АВМУ од член 76-в став 10 од Изборниот законик, да воспостави целосен мониторинг над радиодифузерите што ќе емитуваат платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес. Дополнително, сите податоци се проверени низ постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите. Имено, во согласност со член 76-д став 8 од Изборниот законик радиодифузерите се должни, во врска со емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања, во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк, до АВМУ да достават извештаи за реализирани услуги, што пак, Агенцијата треба да ги потврди во рок од 5 дена од доставувањето.

Постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги Агенцијата ја уреди во посебен акт - Упатство за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година. Во него беше утврдено дека АВМУ ќе ги потврдува извештаите само врз основа на мониторинг врз емитуваното платено политичко рекламирање.

Оттаму, заради организација на овој мониторинг, радиодифузерите беа задолжени да ја информираат Агенцијата за склучените договори за ППР со учесниците во изборниот процес, и да достават скениран примерок од секој од добиените медиа планови за емитување ППР, а некои од нив (дел од регионалните и локалните телевизии и сите локални радија) и снимки од програмата во однапред определени временски интервали.

Оваа комуникација меѓу Агенцијата и радиодифузерите се одвиваше исклучиво електронски, преку посебна адреса на електронска пошта izbori@avmu.mk востановена од Агенцијата исклучиво за оваа намена.

Право на емитување платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори 2020, имаа само радиодифузерите што беа регистрирани во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) што го води ДИК. Рокот за упис во Регистарот беше три дена од денот на распишување на изборите (член 75-ѓ став 6 од Изборниот законик). Вкупниот број на регистрирани радиодифузери за емитување ППР беше 96, од нив 44 телевизии и 52 радија.

Времетраењето на вкупното платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма кај радиодифузерите и неговата распределба меѓу учесниците во изборната кампања, за овој изборен процес, финално беше определено со две уредби од Владата, односно не се применуваше одредбата од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, која исто

така, со постојната содржина беше утврдена оваа година, со измените на Изборниот законик, што беа усвоени и стапија во сила на 16 февруари 2020 година.

Со член 7 од Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.160/20) беа утврдени поинакви лимити за емитување платено политичко рекламирање на реален час, односно дотогашните вкупно 9 минути, беа заменети со вкупно 14 минути на реален час. Исто така, наместо дотогашната распределба на минутите за платено политичко рекламирање меѓу учесниците во изборниот процес – 4 минути (двете најголеми политички партии од позицијата, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови) + 4 минути (двете најголеми политички партии во опозиција, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови) +1 минута (политичките партии во Собранието на државата кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието и за независни кандидати), во Уредбата беше утврдена распределбата – 6 минути + 6 минути + 2 минути.

Со Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.169/20) беше дополнет член 7 од претходната Уредба во делот што се однесува на распределбата на времето за емитување ППР на реален час меѓу учесниците во овој изборен процес. Имено, беше утврдено оти еден подносител на листа кој е од редот на двете најголеми политички партии од власта или од опозицијата може да користи најмногу 3 минути време за рекламирање на реален час, како и тоа дека повеќе од 3 минути, може да користи само доколку другата најголема политичка партија од власта или од опозицијата изрично се согласи да и отстапи дел од времето кое нејзе и припаѓа. Исто така, следствено на ова дека, доколку едната од двете најголеми политички партии од власта или од опозицијата не е подносител на листа, другата најголема политичка партија која е подносител на листа да може да користи само 3 минути време за ППР на реален час.

Оттаму, во согласност со сите направени измени, радиодифузерите практично можеа да емитуваат вкупно 11 минути на реален час ППР, а распределбата на времето меѓу вкупно 15-те учесници во изборната кампања беше организирана на следниов начин:

- КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ и ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА – ДУИ делеа вкупно 6 минути на реален час, а секој од нив можеше да емитува и вкупно 6 минути доколку другиот се согласи;

- За ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА, како единствен подносител на листа од двете најголеми политички партии во опозиција, беа одвоени вкупно 3 минути на реален час; а

- Преостанатите 2 минути ги делеа ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ – ДПА; ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ; ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА; АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВА; ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ГЛАС ЗА МАКЕДОНИЈА; ГРАЃАНСКО ДЕМОКРАТСКА УНИЈА – ГДУ; ИНТЕГРА-МАКЕДОНСКА КОНЗЕРВАТИВНА ПАРТИЈА; СДУ СКОПЈЕ; ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА; МОРО-РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА; НАРОДНА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ; и ТВОЈА ПАРТИЈА. Притоа, секој од овие учесници можеше да закупи и вкупно 2 минути на реален час, доколку не постоеше заинтересираност од другите учесници.

Честите промени на дозволеното време за платено политичко рекламирање, дури трипати, од денот на распишување на изборите до почетокот на изборната кампања на 24 јуни[1], создадоа конфузија и правна несигурност кај радиодифузерите. Дополнително, Агенцијата беше принудена дури трипати да носи едно исто упатство за појаснување на одредбите за времетраењето и распределбата на платеното политичко рекламирање меѓу учесниците во изборниот процес.

На 3 март 2020 година, Советот на Агенцијата го усвои Нацрт-упатството за лимитите за платено политичко рекламирање за кое јавната расправа беше отворена до 11 март. Меѓутоа не успеа да го усвои во финална форма затоа што со Уредба[2] од Владата беа прекинати изборните дејствија. Мотивот за носење на Упатството беше нејасната формулација на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик. Одредбата не реферира на учесници во изборниот процес, туку на партии и кандидати од позицијата и опозицијата, и на други партии. Освен тоа, веќе беше потпишан договор за изборна коалиција меѓу една од двете најголеми партии во позиција која на претходните парламентарни избори освоила најмногу гласови, со една од двете најголеми партии во опозиција која на претходните парламентарни избори беше втора по бројот на освоени гласови, што имаше влијание врз поделбата на времето. Додека пак, целта на Упатството беше радиодифузерите да имаат јасни насоки при склучувањето договори за емитување платено политичко рекламирање. Упатството за лимитите за платено политичко рекламирање беше усвоено на 15 јуни 2020 година. Потоа, поради Уредбата на Владата од вечерта на 15 јуни, на 19 јуни беше донесено по вторпат, а по Уредбата на Владата од 23 јуни, на 24 јуни, на првиот ден од кампањата, беше донесено по третпат.

Со огромни заложби од страна на Агенцијата, постојано да ги информира радиодифузерите за сите промени во регулативата и веднаш да одговара на нивните прашања и дилеми, за првпат за време на изборна кампања не беа констатирани прекршувања на лимитите за платено политичко рекламирање.

И овој изборен процес, како и многу претходни, покажаа дека се потребни измени на изборната регулатива во делот на платеното политичко рекламирање. Одредбите не обезбедуваат еднакви услови за пристап на сите учесници во изборниот процес. Наметнуваат детални и нереални правила околу цените на рекламирањето. Не ја лоцираат одговорноста за содржината на рекламирањето кај учесниците во кампањата, туку кај медиумите, како што е случај со политичкото рекламирање во кое учествуваат малолетници. И на крајот, самото финансирање на политичкото рекламирање со средства од Буџетот на државата, креира можности за создавање нови клиентелистички врски меѓу политичките партии и медиумите.

---

[1] На 16 февруари 2020 година, непосредно пред донесување на одлуката за распишување на Предвремените парламентарни избори, Собранието донесе Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик со кој беше изменет и член 75-ѓ став 1 што се однесува на времето за платено политичко рекламирање. Потоа, на 15 јуни Владата ја донесе првата Уредба, а на 23 јуни 2020 година, втората Уредба, буквално 1 ден пред почетокот на изборната кампања, иако беше објавена во Службен весник со датум од 22 јуни.

[2] Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 72/2020), што Владата ја донесе на седницата одржана на 21 март 2020 година. Во Уредбата беше утврдено дека спроведувањето на изборните дејствија ќе продолжи по престанокот на вонредната состојба, и дека сите преземени дејствија поврзани со изборите до стапување во сила на Уредбата се сметаат за важечки.

## КЛУЧНИ НАОДИ

Од вкупно 96 радиодифузери што се регистрираа во ДИК за емитување платено политичко рекламирање, договори со учесниците во изборната кампања склучија вкупно 69, од нив вкупно 38 телевизии и 31 радио. Од телевизиите, 9 беа национални, 14 регионални и 15 локални. Од радијата, 4 беа на национално ниво, 11 регионални и 16 локални.

Во периодот од 24 јуни до 12 јули на програмата на телевизиите беше емитувано платено политичко рекламирање во вкупно траење од **367 часа 55 минути и 46 секунди**, од кои: ДПА – 04:56:13, Демократи – 02:10:04, Коалиција Можеме – 129:05:04, Левица – 03:58:30, Алијанса за Албанците и Алтернатива – 06:07:33, Глас за Македонија – 02:59:13, ГДУ – 04:14:51, Интегра – 05:06:20, ДУИ – 116:45:02, СДУ Скопје – 07:19:52, Единствена Македонија – 00:49:43, МОРО – 01:43:51, НПР – 02:55:59, ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија" – 76:03:53 и Твоја партија – 03:39:23.

Четири национални телевизии емитуваа по над 30 часа платено политичко рекламирање за време на кампањата. Најмногу време беше закупено на ТВ Сител (36:16:02), потоа на ТВ Канал 5 (36:13:29), ТВ Алсат-М (33:46:20) и на ТВ Компани 21-М (31:00:05). Од телевизиите на регионално и локално ниво, најмногу ППР емитуваше локалната телевизија ТВ Плус Куманово (12:46:01).

Учесниците во изборниот процес одлучија на различни начини да им се обратат на гласачите преку платеното политичко рекламирање. Во рекламните спотови имаше директни обраќања на носителите на изборните листи, ретроспективи на минати настани, негативни кампањи за политичките противници, анимирани спотови, итн. Должината на рекламните спотови варираше од 5 секунди – краток џингл за Алијанса за Албанците и Алтернатива до 3 минутни спотови од Коалицијата Можеме.

Карактеристично за кампањата за овие избори во однос на платеното политичко рекламирање беа спотовите во кои учествуваа малолетници. И покрај двете соопштенија на Агенцијата од 25 и од 30 јуни, преку кои потсети дека учеството на малолетници во ППР е спротивно на член 76 став 3 од Изборниот законик, еден од учесниците во изборната кампања (ДУИ) продолжи да испраќа вакви рекламни спотови кај телевизиите со кои имаше склучено договори за емитување, а одредени телевизии (ТВ 21-М, ТВ Клан Мацедониа, ТВ Коха, ТВ Г-ТВ, ТВ Дибра, ТВ Гурра) продолжија со нивно емитување. Дел од телевизиите одлучија да ги емитуваат овие спотови со замаглени лица на децата кои се појавуваа во спотовите или пак тој дел да биде скратен.

Иако Агенцијата пред почетокот на кампањата донесе Упатство за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање, не сите телевизии се придржуваа до временските рокови пропишани во Упатството за достава на снимките од програмата, медиа плановите и склучените договори со учесниците во изборниот процес, што дополнително го усложни процесот на работа. Сепак, по повеќе корекции во медиа плановите и извештаите за реализирани услуги, Агенцијата успеа во законскиот рок (најдоцна до 22 јули) да ги потврди податоците на сите телевизии кои емитуваа платено политичко рекламирање за време на изборната кампања.

Од 52 радија колку што доставија ценовници за овие избори, 31 склучија договори за емитување платено политичко рекламирање. Најмногу верзии на ППР на радио имаше Коалицијата МОЖЕМЕ, различни варијанти со времетраење од 17 до 60 секунди, потоа ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија", која имаше спотови со времетраење од 11 секунди до 173 секунди. Партијата ДУИ се одлучи за кратка верзија од 5 секунди и подолга верзија од 30 секунди, а на вонпарламентарните партии учесници во кампањата кои одлучија да се рекламираат на радијата (МОРО – Работничка партија, Твоја партија, Единствена Македонија, Демократи, ГДУ, Левица, Глас за Македонија, СДУ) рекламните спотови им траеја 15 секунди.

Дел од учесниците во кампањата (Интегра, Алијанса за Албанците и Алтернатива, Народна партија на Ромите) воопшто не закупија ППР на радијата, а ДПА се рекламираше само на едно радио. Иако, кај две радија, по усмен договор, се емитуваше ППР на партијата Интегра, тие до крајот на кампањата не успеаја да склучат писмен договор со партијата, оттаму тие реклами не се опфатени во податоците од мониторингот прикажани во табелите во продолжение.

Песната на ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија", која се емитуваше како платено политичко рекламирање, во сите нивни медиа планови пишуваше дека трае 178 секунди, а реално траеше 173 секунди, што предизвика разлика во внесените податоци од Агенцијата добиени преку мониторинг на снимките од програмата и извештаите на радијата направени врз основа на медиа плановите, и таа разлика речиси кај сите радија требаше да се коригира. Повеќе радија доставија повеќе верзии на својот извештај за реализирани услуги додека да се усогласат податоците помеѓу реално емитуваната програма и податоците од медиа плановите.

Сите радија емитуваа вкупно **102 часа 14 минути и 12 секунди** ППР, од кои: Коалицијата МОЖЕМЕ - 24:18:48, ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија" – 57:04:21, ДУИ - 07:01:57, ДПА – 00:17:15, Левица - 01:48:30, Единствена Македонија – 01:40:40, Демократи – 01:05:19, ГДУ – 00:21:51, Глас за Македонија - 00:25:35, СДУ – 00:51:29, МОРО – Работничка партија - 07:00:22, и Твоја партија – 00:18:05.

Најмногу ППР емитуваа регионалните радија, Сити Радио (10:53:59), и Клуб ФМ (09:42:11). Потоа националното Метрополис Радио (09:16:21), регионалното Скај Радио (08:10:45) и националното Радио Канал 77 (07:51:09).

Податоците за емитуваното платено политичко рекламирање се претставени во табелите во продолжение. За секој медиум е регистриран и архивскиот број на потврдениот извештај за реализирани услуги од страна на Агенцијата.

# ТЕЛЕВИЗИИ

| ТВ НА НАЦИОНАЛНО НИВО | | | |
|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Алфа<br>Извештај бр. 03-2963/1 од 17.07.2020 | ТВ Алсат – М<br>Извештај бр. 03-2979/1 од 17.07.2020 | ТВ Канал 5<br>Извештај бр. 03-2977/2 од 17.07.2020 |
| ДПА | | 01:12:58 | |
| Демократи | | 00:22:40 | 00:20:13 |
| Коалиција Можеме | | 07:43:52 | 15:32:12 |
| Левица | 01:13:30 | | 01:31:30 |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | 02:37:36 | |
| Глас за Македонија | 00:09:32 | | 01:16:56 |
| ГДУ | | | 00:45:51 |
| Интегра | | | 03:14:50 |
| ДУИ | 00:05:08 | 20:38:14 | 00:46:15 |
| СДУ Скопје | 00:37:55 | | 02:30:33 |
| Единствена Македонија | 00:07:00 | | |
| МОРО – Работничка партија | | 00:17:40 | |
| Народна партија на Ромите | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | 13:57:45 | 00:53:20 | 10:15:09 |
| Твоја партија | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **16:10:50** | **33:46:20** | **36:13:29** |

| ТВ НА НАЦИОНАЛНО НИВО | | | |
|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Сител | ТВ Телма | ТВ Компани 21-М |
| | Извештај бр. 03-2886/3 од 28.07.2020 | Извештај бр. 03-2948/1 од 16.07.2020 | Извештај бр. 03-2932/1 од 16.07.2020 |
| ДПА | | | 01:12:21 |
| Демократи | 00:18:00 | | |
| Коалиција Можеме | 14:02:02 | 10:11:21 | 05:35:36 |
| Левица | 01:13:30 | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | 00:40:24 |
| Глас за Македонија | 00:54:51 | 00:22:29 | |
| ГДУ | 00:45:00 | 00:20:50 | |
| Интегра | 01:51:30 | | |
| ДУИ | 00:45:35 | 00:07:20 | 20:30:01 |
| СДУ Скопје | 02:13:17 | 00:40:11 | 00:35:58 |
| Единствена Македонија | 00:24:41 | | |
| МОРО – Работничка партија | 00:14:35 | 00:47:00 | |
| Народна партија на Ромите | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | 13:36:01 | 06:18:20 | 02:25:45 |
| Твоја партија | | 01:48:50 | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **36:19:02** | **20:36:21** | **31:00:05** |

| ТВ НА НАЦИОНАЛНО НИВО | | | |
|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Шења<br>Извештај бр. 03-2984/1 од 20.07.2020 | ТВ Клан Мацедониа<br>Извештај бр. 03-3006/1 од 22.07.2020 | ТВ 24 Вести<br>Извештај бр. 03-3968/1 од 17.07.2020 |
| ДПА | | 02:20:59 | |
| Демократи | | | |
| Коалиција Можеме | | 02:08:34 | 10:01:55 |
| Левица | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | 00:43:38 | | |
| Глас за Македонија | | | |
| ГДУ | | | 00:16:15 |
| Интегра | | | |
| ДУИ | 01:32:00 | 16:54:01 | |
| СДУ Скопје | | | 00:41:58 |
| Единствена Македонија | | | 00:08:02 |
| МОРО – Работничка партија | | | 00:19:52 |
| Народна партија на Ромите | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | 00:53:05 | 00:53:19 | 03:42:30 |
| Твоја партија | | | 01:22:33 |
| **Вкупно емитувано ППР** | **03:08:43** | **22:16:53** | **16:33:05** |

| ТВ НА РЕГИОНАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Тера | ТВ М | ТВ Стар | ТВ Канал Вис |
| | Извештај бр. 03-2897/1 од 14.07.2020 | Извештај бр. 03-2880/1 од 13.07.2020 | Извештај бр. 03-2882/2 од 21.07.2020 | Извештај бр. 03 - 2868/2 од 22.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | 00:30:55 | | | |
| Коалиција Можеме | 04:37:15 | 03:05:26 | 04:27:23 | 05:24:00 |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | | 00:08:37 | |
| ГДУ | 00:05:54 | 00:22:40 | 00:45:01 | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | | | | |
| СДУ Скопје | | | | |
| Единствена Македонија | | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија" | 03:53:40 | 01:21:20 | 02:14:03 | 00:29:15 |
| Твоја партија | 00:18:41 | 00:09:19 | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **09:26:25** | **04:58:45** | **07:35:04** | **05:53:15** |

| ТВ НА РЕГИОНАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Ирис<br>Извештај бр. 03-2996/2 од 22.07.2020 | ТВ Полог<br>Извештај бр. 03-2960/1 од 16.07.2020 | ТВ Топестрада<br>Извештај бр. 03-2964/1 од 17.07.2020 | ТВ 3<br>Извештај бр. 03-2971/1 од 17.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | | | | |
| Коалиција Можеме | 03:40:07 | | | 02:39:04 |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | | | |
| ГДУ | | | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | | 04:47:48 | 06:33:42 | |
| СДУ Скопје | | | | |
| Единствена Македонија | | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | | | | |
| Твоја партија | | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **03:40:07** | **04:47:48** | **06:33:42** | **02:39:04** |

| ТВ НА РЕГИОНАЛНО НИВО | | | |
|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Кисс & Менада<br>Извештај бр. 03-2978/2 од 21.07.2020 | ТВ Едо<br>Извештај бр. 03-2871/1 од 13.07.2020 | ТВ МТМ<br>Извештај бр. 03-2865/1 од 13.07.2020 |
| ДПА | | | |
| Демократи | 00:38:16 | | |
| Коалиција Можеме | 02:21:54 | 03:31:00 | 00:57:41 |
| Левица | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | |
| Глас за Македонија | | | |
| ГДУ | | | |
| Интегра | | | |
| ДУИ | | | |
| СДУ Скопје | | | |
| Единствена Македонија | | | |
| МОРО – Работничка партија | 00:04:44 | | |
| Народна партија на Ромите | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | 00:59:43 | 02:47:56 | 01:19:12 |
| Твоја партија | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **04:04:37** | **06:18:56** | **02:16:53** |

| ТВ НА РЕГИОНАЛНО НИВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Шутел**<br>Извештај бр. 03-2982/2 од 22.07.2020 | **ТВ КТВ**<br>Извештај бр. 03-2881/1 од 13.07.2020 | **ТВ Коха**<br>Извештај бр. 03-2905/2 од 20.07.2020 |
| ДПА | | | 00:09:55 |
| Демократи | | | |
| Коалиција Можеме | 02:42:58 | 02:32:39 | 03:03:48 |
| Левица | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | 00:33:06 |
| Глас за Македонија | | | |
| ГДУ | | | |
| Интегра | | | |
| ДУИ | | | 06:32:50 |
| СДУ Скопје | | | |
| Единствена Македонија | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | |
| Народна партија на Ромите | 02:55:59 | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | | 01:08:48 | |
| Твоја партија | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **05:38:57** | **03:41:27** | **10:19:39** |

| ТВ НА ЛОКАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Феста | ТВ Нова | ТВ Кочани-ЛД | ТВ Канал 8 |
| | Извештај бр. 03-2986/4 од 28.07.2020 | Извештај бр. 03-2867/1 од 13.07.2020 | Извештај бр. 03.2869/1 од 13.07.2020 | Извештај бр. 03-2958/1 од 16.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | | | | |
| Коалиција Можеме | 03:12:36 | | 00:51:10 | 07:27:51 |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | | | |
| ГДУ | | | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | 04:18:31 | | | |
| СДУ Скопје | | | | |
| Единствена Македонија | | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | | 00:59:45 | 01:22:10 | |
| Твоја партија | | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **07:31:07** | **00:59:45** | **02:13:20** | **07:27:51** |

| ТВ НА ЛОКАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Протел**<br>Извештај бр. 03-2962/1 од 16.07.2020 | **ТВ Канал 21**<br>Извештај бр. 03-2917/1 од 14.07.2020 | **ТВ Свет**<br>Извештај бр. 03-2983/1 од 20.07.2020 | **ТВ Калтрина**<br>Извештај бр. 03-2861/1 од 13.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | | | | |
| Коалиција Можеме | 00:45:34 | | | |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | | | |
| ГДУ | | | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | | | | 03:17:35 |
| СДУ Скопје | | | | |
| Единствена Македонија | | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | 01:07:01 | 01:29:06 | 01:06:40 | |
| Твоја партија | | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **01:52:35** | **01:29:06** | **01:06:40** | **03:17:35** |

| ТВ НА ЛОКАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Спектра | ТВ Дибра | ТВ Гурра | ТВ Дуе |
| | Извештај бр. 03-2859/2 од 17.07.2020 | Извештај бр. 03-2969/1 од 17.07.2020 | Извештај бр. 03-2891/1 од 14.07.2020 | Извештај бр. 03-2883/1 од 13.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | | | | |
| Коалиција Можеме | 01:29:34 | | | |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | | | |
| ГДУ | | | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | 04:07:48 | 04:18:14 | 07:46:55 | 03:27:28 |
| СДУ Скопје | | | | |
| Единствена Македонија | | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија" | | | | |
| Твоја партија | | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **05:37:22** | **04:18:14** | **07:46:55** | **03:27:28** |

| ТВ НА ЛОКАЛНО НИВО | | | |
|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Г-ТВ | ТВ Плус Куманово | ТВ Ускана Медиа |
| | Извештај бр. 03-2860/1 од 13.07.2020 | Извештај бр. 03-2930/1 од 15.07.2020 | Извештај бр. 03-2961/1 од 16.07.2020 |
| ДПА | | | |
| Демократи | | | |
| Коалиција Можеме | | 08:45:53 | 02:13:39 |
| Левица | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | 00:35:26 | | 00:57:23 |
| Глас за Македонија | | 00:06:48 | |
| ГДУ | | 00:53:20 | |
| Интегра | | | |
| ДУИ | 03:42:00 | | 06:33:52 |
| СДУ Скопје | | | |
| Единствена Македонија | | 00:10:00 | |
| МОРО – Работничка партија | | | |
| Народна партија на Ромите | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | | 02:50:00 | |
| Твоја партија | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **04:17:26** | **12:46:01** | **09:44:54** |

# РАДИЈА

| РАДИЈА НА ДРЖАВНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | Радио Антена 5 | Радио Канал 77 | Радио Метрополис | Радио Јон |
| | Извештај бр.03-2890/1 од 13.07.2020 | Извештај бр.03-2873/4 од 29.07.2020 | Извештај бр.03-2872/2 од 17.07.2020 | Извештај бр.03-2862/1 од 13.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | | | | |
| Коалиција Можеме | 01:53:00 | 03:16:19 | 01:21:05 | |
| Левица | 01:08:00 | 00:40:30 | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | 00:09:45 | 00:08:28 | |
| ГДУ | | 00:21:51 | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | | | | 02:08:20 |
| СДУ Скопје | 00:03:20 | 00:02:00 | 00:02:30 | |
| Единствена Македонија | | 00:28:15 | | |
| МОРО – Работничка партија | | 00:45:20 | | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија" | 02:03:53 | 01:57:26 | 07:35:56 | |
| Твоја партија | | 00:09:43 | 00:08:22 | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **05:08:13** | **07:51:09** | **09:16:21** | **02:08:20** |

| РАДИЈА НА РЕГИОНАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | Радио Ват<br>Извештај бр.03-2980/2 од 20.07.2020 | Радио Клуб ФМ<br>Извештај бр.03-2884/2 од 20.07.2020 | Радио Роса АБ<br>Извештај бр.03-2857/4 од 28.07.2020 | Радио Зона М-1<br>Извештај бр.03-2899/2 од 16.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | | | | |
| Коалиција Можеме | 00:34:08 | | 01:29:50 | |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | | | |
| ГДУ | | | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | 01:02:17 | | | |
| СДУ Скопје | | | | 00:39:39 |
| Единствена Македонија | | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | | 00:42:16 |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | | 09:42:11 | 04:03:02 | 01:55:39 |
| Твоја партија | | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **01:36:25** | **09:42:11** | **05:32:52** | **03:17:34** |

| РАДИЈА НА РЕГИОНАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | Радио Капитол ФМ | Сити радио | Скај радио | Радио Хит ФМ |
| | Извештај бр.03-2874/2 од 20.07.2020 | Извештај бр.03-2866/2 од 17.07.2020 | Извештај бр.03-2965/1 од 17.07.2020 | Извештај бр.03-2889/1 од 13.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | | | | |
| Коалиција Можеме | 01:02:01 | 01:11:58 | 01:21:01 | |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | | | |
| ГДУ | | | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | | | | |
| СДУ Скопје | 00:04:00 | | | |
| Единствена Македонија | 00:08:15 | | | |
| МОРО – Работничка партија | 00:11:39 | | 05:21:07 | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | 01:27:16 | 09:42:01 | 01:28:37 | 02:06:02 |
| Твоја партија | | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **02:53:11** | **10:53:59** | **08:10:45** | **02:06:02** |

| РАДИЈА НА РЕГИОНАЛНО НИВО | | | |
|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | Спортско радио 90.3<br>Извештај бр.03-2949/2 од 17.07.2020 | Радио Фортуна<br>Извештај бр.03-2931/2 од 20.07.2020 | Лајф радио<br>Извештај бр.03-2981/1 од 17.07.2020 |
| ДПА | | | |
| Демократи | | | |
| Коалиција Можеме | 01:02:37 | 01:09:29 | 00:49:59 |
| Левица | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | |
| Глас за Македонија | | | |
| ГДУ | | | |
| Интегра | | | |
| ДУИ | | | |
| СДУ Скопје | | | |
| Единствена Македонија | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | |
| Народна партија на Ромите | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | 04:07:05 | 01:27:32 | |
| Твоја партија | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **05:09:42** | **02:37:01** | **00:49:59** |

| РАДИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | Радио Кавадарци | Радио Холидеј | Радио Плеј | Радио Медисон |
| | Извештај бр.03-2957/3 од 20.07.2020 | Извештај бр.03-2879/2 од 20.07.2020 | Извештај бр.03-2876/1 од 13.07.2020 | Извештај бр.03-2858/1 од 13.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | | | | |
| Коалиција Можеме | | | 00:47:11 | 00:58:23 |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | 00:07:22 | | | |
| ГДУ | | | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | | | | |
| СДУ Скопје | | | | |
| Единствена Македонија | | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | 02:55:54 | 00:45:33 | | |
| Твоја партија | | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **03:03:16** | **00:45:33** | **00:47:11** | **00:58:23** |

| РАДИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | Радио Супер | Радио Пела | Радио Експрес | Радио 102ка-ФМ |
| | Извештај бр.03-2854/1 од 13.07.2020 | Извештај бр.03-2955/3 од 28.07.2020 | Извештај бр.03-2870/1 од 13.07.2020 | Извештај бр.03-2875/1 од 13.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | 00:20:50 | 00:33:33 | | |
| Коалиција Можеме | 00:32:15 | | 01:27:05 | 00:55:41 |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | | | |
| ГДУ | | | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | | | | |
| СДУ Скопје | | | | |
| Единствена Македонија | 00:25:00 | 00:22:25 | 00:16:45 | |
| МОРО – Работничка партија | | | | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | 00:46:54 | 00:46:00 | 01:01:03 | |
| Твоја партија | | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **02:04:59** | **01:41:58** | **02:44:53** | **00:55:41** |

| РАДИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | Радио Блета | Радио Бум | Радио Кочани ФМ | Радио Ррапи |
| | Извештај бр.03-2906/1 од 14.07.2020 | Извештај бр.03-2900/2 од 17.07.2020 | Извештај бр.03-2956/3 од 20.07.2020 | Извештај бр.03-2878/1 од 13.07.2020 |
| ДПА | | | | |
| Демократи | | | | |
| Коалиција Можеме | | 01:51:29 | 00:47:02 | |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | | | |
| ГДУ | | | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | 01:16:48 | | | 00:51:18 |
| СДУ Скопје | | | | |
| Единствена Македонија | | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | | 02:02:51 | 00:51:09 | |
| Твоја партија | | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **01:16:48** | **03:54:20** | **01:38:11** | **00:51:18** |

| РАДИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | Радио Кисс<br>Извештај бр.03-2908/1 од 14.07.2020 | Радио Фама<br>Извештај бр.03-2863/1 од 13.07.2020 | Радио 5 Чоки<br>Извештај бр.03-2907/2 од 16.07.2020 | Радио Зора<br>Извештај бр.03-2950/2 од 20.07.2020 |
| ДПА | | 00:17:06 | | |
| Демократи | 00:10:56 | | | |
| Коалиција Можеме | 00:31:52 | | 01:11:03 | 00:05:20 |
| Левица | | | | |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | | | | |
| Глас за Македонија | | | | |
| ГДУ | | | | |
| Интегра | | | | |
| ДУИ | | 01:42:40 | | |
| СДУ Скопје | | | | |
| Единствена Македонија | | | | |
| МОРО – Работничка партија | | | | |
| Народна партија на Ромите | | | | |
| ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ | | | | 00:18:10 |
| Твоја партија | | | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **00:42:48** | **01:59:46** | **01:11:03** | **00:23:30** |